ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 97 – 1/2012
Загреб, 14. 07. 2012.

# З А П И С Н И К

од **1. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **14.07.2012 година** со почеток во **12.30 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Орце Ламбевски – претседател на Заедницата, Ангел Митревски – Сплит, Благој Штерјов – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Крсте Атанасовски – Осиек, Милена Златеска – Пула и Велимир Лозановски – Риека.

**Гости на седницата:** Елизабета Петровска – секретар на Заедницата, Милена Георгиевска – главна и одговорна уредничка на „Македонски глас" и Томе Апостолоски, претседател на Советот на МНМ за Град Загреб.

Седницата ја водеше претседателот на УО на Заедницата, О. Ламбевски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни на 1. седница и им посака успешна работа во новиот состав, потоа го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 12-та седница и од вонредниот состанок на УО од 25.04.2012;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.07.-30.09.2012.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат најкасно три дена пред седницата по електронска пошта;
3. Усвојување на „Polugodišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2012. godine (Obrazac FP-1)" со обрасците FP-2/Informiranje, FP-3/Izdavaštvo, FP-4/Kulturni amaterizam, FP-5/Kulturne manifestacije, FP-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози и авторските хонорари;
4. Донесување на одлука за разрешување на досегашните членови на Колегиумот на списанието „Македонски глас" (главен и одговорен уредник, уредништво, редакциски одбор и редакција) и именување на нови членови;
5. Донесување на одлука за разрешување на секретарот на Заедницата и именување на нов секретар;
6. Договор околу реализацијата на програмите во 2012 година и усвојување на донесените одлуки;
7. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги усвоија** записникот од 12-та седница и од вонредниот состанок на УО од 25.04.2012. (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше подготвен и проследен по електронска пошта од сите друштва (прилог). Членовите на УО во кратки црти ги претставија своите случувања од информаторот. Митревски рече дека Заедницата и МКД „Македонија" добија благодарница од „Европскиот покрет" од Сплит за придонес во меѓународната соработка и европската интеграција на цивилното друштво. На крајот, претседателот Ламбевски се осврна на информаторот на Заедницата и поднесе усмен извештај по неколку точки.
**Предлози:**
* О. Ламбевски – во иднина книгите што ќе се печатат од Заедницата да се подготвуваат и во „ПДФ" формат, за да можат да се објавуваат во целост на Веб страницата на ЗМРХ.

**Ад. 3.** За полугодишниот финансиски извештај на Заедницата „Polugodišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2012. godine (Obrazac FP-1)" со обрасците FP-2/Informiranje, FP-3/Izdavaštvo, FP-4/Kulturni amaterizam, FP-5/Kulturne manifestacije, FP-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози и авторските хонорари (прилог), Петровска рече дека е уредно и навремено изработен, како и полугодишното „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2012. godine" кое е исто така, уредно изработено за потребите на Заедницата (прилог). Се апелираше до сите претседатели на друштвата да не доцнат со предавањето на нивните полугодишни извештаи за да може да се испочитува крајниот рок за предавање на истите во Советот за национални малцинства на РХ, што е на 20 јули. Петровска ги информира присутните дека МПЦО „Св. Злата Мегленска" на 1 јуни се исели од просториите на Заедницата во Масарикова 16/1, и дека со нивното иселување автоматски престана да важи и договорот за плаќањето на делот од режиските трошоци во износ од 25% од вкупните заеднички режии.
**Забелешки:**
* М. Мајиќ – даде забелешка дека 10.000 кн. се малку за издавање книга, колку е добиено за нејзината книга од Советот и дека тоа би требало да се реши со пренамена, на што Ламбевски рече дека е сега доцна за било какви пренамени и дека оваа година издаваштвото ќе се одработи по предвидениот план, а за идната ќе се планира поинаку.
**Предлози:**
* В. Лозановски – да се пренесе до Советот молба да пробаат да ги поедностават обрасците за извештаите, бидејќи се многу комплицирани и бараат голема стручност.

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се усвојува „Polugodišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.06.2012. godine (Obrazac FP-1)" со обрасците FP-2/Informiranje, FP-3/Izdavaštvo, FP-4/Kulturni amaterizam, FP-5/Kulturne manifestacije, FP-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози и авторските хонорари и останатите прилози;
- Сите друштва да доставуваат до Заедницата интерен информативен тромесечен извештај дали се платени водителите на секциите во нивните друштва и ако не се платени, да се наведе причината зошто.

По оваа точка членовите на УО направија куса пауза.

**Ад. 4.** Претседателот О. Ламбевски рече дека мандатот од 4 години на членовите на Колегиумот на списанието „Македонски глас" истече и дека со тоа сите членови од Колегиумот се автоматски разрешени од своите должности. Тој рече дека се примени две апликации за местото главен и одговорен уредник на „Македонски глас", од Милена

Георгиевска и Марина Апостоловска (прилог). Се расправаше и за промените во Ценовникот на „Македонски глас“ (прилог), како и за наоѓање спонзори што финансиски би помогнале во подобрувањето на квалитетот на списанието.

По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- За членови на Уредништвото на „Македонски глас“ **се именуваат**: Милена Георгиевска за главен и одговорен уредник; Елизабета Петровска за заменик на главниот и одговорен уредник; Владо Чакмак за компјутерска обработка, Марија Георгиева-Петриќ за лектор и Елизабета Петровска за секретар и коректор;
- За членови на Редакцискиот одбор на „Македонски глас“ **се именуваат**: Васил Тоциновски, Тинка Барбутов Крстева и Мирјана Мајиќ (на предложените Благоја Мирчевски и Ивана Лазаревска им се дава можност да учествуваат во работата на Редакцискиот одбор со предлози и присуствуво на состаноците);
- За членови на Редакцијата на „Македонски глас“ **се именуваат**: Елизабета Петровска – Загреб, Јулијана Младеновска Тешија – Осиек, Ива Чрњар – Риека, Мирјана Мајиќ – Задар, Билјана Митревски – Сплит и Тодор Брдарски – Пула;
- Членовите на Уредништвото, Редакцискиот одбор и Редакцијата на „Македонски глас“ се именуваат со мандат во траење од 4 години; Оваа одлука стапува на снага со денот на донесувањето;
- Од број 77., Ценовникот на „Македонски глас“ се корегира со следните измени: Хонорарот на главниот и одговорен уредник изнесува 2.350,00 кн.; Хонорарот на заменикот на главниот и одговорен уредник изнесува 550,00 кн.; Се укинува хонорарот за секретар; Се укинува хонорарот за претплата за користење на информативни агенции; Се укинува провизијата од 10% за доносителите на реклами што се објавени во „Македонски глас“;
- Се задолжува главната и одговорна уредничка Милена Георгиевска за идната седница на УО да подготви предлог на нов Ценовник во сооднос со новиот изглед на „Македонски глас“.

**Ад. 5.** Како и во претходната точка, претседателот О. Ламбевски рече дека мандатот од 4 години на секретарот на Заедницата истече и дека со тоа тој е автоматски разрешен од своите должности. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука**:

- **Се именува** Елизабета Петровска на функцијата секретар на Заедницата со мандат во траење од 4 години; Оваа одлука стапува на снага со денот на донесувањето.

**Ад. 6.** По оваа точка се расправаше за „Илинден“ и за Летниот камп на Шолта. Претседателот О. Ламбевски за „Илинден“ рече дека оваа година ќе се организира во Препуштовец близу Загреб, затоа што излетиштето „Голубињак“ е земено во приватна концесија. Поради ограничените наменски средства за манифестацијата, се апелираше до сите друштва превозот да го договорат со аконтациско плаќање и да го јават износот во текот на идната недела, а автобуси од Загреб нема да има. Веќе е пратен допис до Министерството за одбрана за одобрување на шатори, маси и клупи за седење, а подготвувањето грав ќе биде во организација на КУД „Препуштовец“. Музиката сѐ уште се договара, а се претпоставува дека фолклор нема да има, бидејќи во контактите со неколку КУД-а од РМ, не се најде заедничко решение. Поканите се пратени по пат на електронска пошта, а во Загреб на околу 1100 адреси по пошта во соработка со Советот на МНМ на Град Загреб. Што се однесува до Летниот камп на Шолта, Митревски рече дека е потпишан Договор со Министерството за наука, образование и спорт на РХ на износ од 95.000,00 кн., додека од Амбасадата на РМ во РХ пристигна известување дека оваа година не се финансира проектот „Се запознаваме со нашето потекло“ од страна на МНР РМ,

поради намалувањето на нивните средства. Летниот камп ќе се одржи од 29.07.-05.08., па идната недела треба да се договори превозот за децата и водителите.

По оваа точка членовите на УО направија куса пауза.

**Ад. 7.** Под точката разно, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Во врска со барањето на Огнен Бојаџиски (прилог), изготвениот Правилник за работа и делување на гласилото „Македонски глас" да го поднесе до членовите на УО, кои тогаш ќе донесат одлука дали ќе го усвојат или не;
- Во врска со молбата на Александар Велјанов (прилог), се задолжува Крсте Атанасовски да го контактира жупанискиот претставник Благоја Јовановски и да пробат да му помогнат;
- Во врска со барањето на Советот на МНМ за Град Пула (прилог), се задолжуваат претседателот Ламбевски и потпретседателот Митревски да одговорат со допис во кој ќе се предложи заеднички состанок на есен во Загреб (на следниот УО), со претставници од сите заинтересирани асоцијации од Пула;
- Статутот на МКД „Св. Кирил и Методиј" мора да се усогласи со Статутот на Заедницата во најскоро време;
- Да се поправи или смени вентилот на плинскиот бојлер во кујната во Заедницата;
- Во најскоро време да се погледаат некои нови простории каде би постоела можност Заедницата да биде заедно со останатите македонски асоцијации во Загреб (Советот на МНМ за Град Загреб, МКД „Охридски бисер" и МПЦ РХ);
- Од сега па во иднина, за присуство на седниците на УО на Заедницата, на членовите ќе им се исплатуваат патни трошоци во износ на меѓуградски автобус или со 2. класа со воз; За исклучителна употреба на приватен автомобил за патување на манифестации и сл., ќе се исплатуваат патни трошоци во износ до 2 кн. по километар;
- Во врска со учеството на Третата годишна конференција на иселиничките организации која ќе се одржи од 18.-19.07.2012 година во Скопје, РМ, во организација на Агенцијата за иселеништво на РМ, се одобрува од Заедницата да присуствуваат Ангел Митревски, Благој Штерјов и Мирјана Мајиќ, а патните трошоци за автомобил во износ од околу 8.000,00 кн. заедно ќе ги подмират Заедницата и Советот на МНМ за Град Загреб;
- Се даруваат 10 примероци од книгата „Калинка Нар" од Ратко Димовски на неговата сопруга Мимоза и по 30 примероци од книгата „Гужва на гранка" од Наташа Ламбевска на ОУ „Спинут" и ОУ „Скалице" од Сплит.

На крајот, Митревски на членовите на УО им подели слики со Грбот на РМ, по една за сите друштва и Заедницата, како подарок од најстариот весник во РМ, „Нова Македонија".

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот О. Ламбевски ја затвори седницата.
Седницата заврши во **18.00** часот.

Записничар:
Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретар на Заедницата

Претседател на Заедницата:
Орце Ламбевски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ